НА СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за работа на Совет на млади на Општина Штип за 2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4298/2
25 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

506.

Врз основа на член 4 став 1 алинеја 6 од Одлуката за основање на Совет на млади на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/09) и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 23 декември 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за работа на Совет на млади на Општина Штип за 2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4298/1
23 декември 2009 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

507.

ГОДИШНА ПРОГРАМА
за работа на Советот на млади на Општина Штип
за 2010 година

НАРАТИВЕН ОПИС НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма за 2010 година на Советот на млади на Општина Штип се базира на внатрешно делување во локалната власт во процесите на иницирање и донесување на законски регулативи кои ги засегаат младите. Со предвидените активности од годишната програма ќе се делува кон подобрување на животот на младите во Општина Штип. Исто така преку спроведување на програмата ќе им се овозможи на младите активно да се вклучат во јавниот живот на Општина Штип.

**Цели, насоки и активности за 2010 година**:

1. ПРОМОЦИЈА НА СОВЕТ НА МЛАДИ

1.1. Гостување на медиуми

Првата стратешка цел, Промоција на Советот на млади претставува прв чекор во запознавањето на младите од Општина Штип за постоењето на Советот на млади како советодавно тело на Советот на Општината со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на Општина Штип. Оваа активност ќе се спроведува во текот на целата година (јануари-декември 2010) преку гостување во медиумите при што ќе се врши промоција на тековните активности на Советот на млади (СМ) и поголема информираност на младите во Штип за работата на СМ. Индикатори на успешно спроведување на оваа активност се: присутноста на медиумите (минимум 20 пати во текот на годината); масовното учество на младите во реализацијата на активностите кои се иницирани од страна на СМ; Број на доставени иницијативи и предлози до Советот на млади. Одговорни за

процесот ќе бидат претседателот и заменик претседателот на Советот на млади.

1.2. Поставување на facebook профил и blog

Со поставувањето на facebook профилот и blog-от се обезбедуваат канали за комуникација и доставување на предлози за решавање на проблемите на младите од Општина Штип и редовно информирање на младите за активностите на советот бидејќи младите своето слободно време најчесто го користат на интернет страните. Оваа активност треба да се спроведе во текот на месец јануари 2010 год. Индикатор за успешно спроведување на оваа активност е: поставен facebook профил и blog на Советот на млади; Број на посети на blog-от; Број на членови на facebook групата (минимум 500). Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Михаил Горгиев и Даниел Јовевски.

1.3. Испраќање на писмени известувања до институциите и организациите во Општина Штип

Оваа активност ќе се одвива во периодот јануари – февруари 2010 (периодично, по потреба), а со цел институциите и организациите да се информираат за постоењето и улогата на Советот на млади, редовно информирање за тековните активности на Советот на млади и обезбедување на потребна поддршка за реализација на годишната програма. Индикатор за успешно спроведена акција ќе бидат доставените писмени известувања до сите институции и организации во Штип и воспоставената соработка со соодветните институции. Одговорни лица за оваа активност се Зоран Саздовски и Бобан Спиров. За оваа активност се потребни 1000 денари од буџетот на Општина Штип.

1.4 E-mail адреса

Во месец јануари 2010 ќе се објави e-mail адресата со што ќе биде обезбеден канал за комуникација и доставување на предлози за решавање на проблемите на младите од Општина Штип. Индикатори за успешност на оваа активност се:

- Поставена e-mail адреса на блогот и Facebook групата и
- Број на примени пораки.

Одговорни лица за реализирање на оваа активност ќе бидат Михаил Горгиев и Даниел Јовевски.

2. ИСТРАЖУВАЊЕ НА АКТУЕЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА МЛАДИТЕ

Оваа активност ќе се спроведува во периодот февруари - април 2010 преку разни анкети со кои ќе се обезбедат пред сè информации за актуелните проблеми на младите. Младите ќе бидат вклучени во реализацијата на истражувањето, а ќе се добијат и сугестии за решавање на одредени проблеми. Индикатор за успех ќе биде бројот на утврдени актуелни проблеми, бројот на анкетирани млади и бројот на добиени сугестии. Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Бојан Кереместевски и Михаил Горгиев. За оваа активност се потребни 5000 денари од буџетот на Општина Штип наменети за копирање на прашалници.

## 3. СОБИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ

### 3.1. Состаноци со младите етнички заедници во Штип

Во текот на целата година ќе се иницираат состаноци со младите од разни етнички заедници со цел сосема непосредно да се утврдат проблемите кои ги имаат младите припадници на етничките заедници, а со тоа ќе се изнаоѓаат и адекватни решенија. Индикатори за успех на оваа активност би биле бројот на утврдени актуелни проблеми кај младите етнички заедници и бројот на добиени сугестии за решенија. За оваа активност одговорни лица ќе бидат Озен Демиров и Елена Георгијевска. За реализација на овој проект се потребни 1.000 денари за патни трошоци.

### 3.2. Состаноци со претседатели на средни училишта

Оваа активност ќе се одвива континуирано преку целата година. Преку овие состаноци ќе бидат утврдени проблемите кои ги имаат младите средношколци и ќе се пронајдат адекватни решенија за истите. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:

- број на утврдени актуелни проблеми кај младите средношколци
- број на добиени сугестии за решенија
- минимум 10 одржани состаноци.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Даниел Јовевски и Бојан Кереместевски. За реализација на состаноците се потребни 1.000 денари од буџетот на општината, за патни трошоци.

### 3.3. Состаноци со СПУГД, младински здруженија, Форум на млади на Општина Штип и НВО

И оваа активност ќе се одвива во текот на целата година. Преку овие состаноци ќе се утврдат проблемите кои ги имаат младите и ќе се изнајдат и адекватни решенија за утврдените проблеми. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:

- број на утврдени актуелни проблеми кај младите
- број на добиени сугестии за решенија
- минимум 10 состаноци.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Георгијевска Елена и Горгиев Михаил. За реализација на состаноците се потребни 1.000 ден. за патни трошоци.

3.4. Поставување на сандачиња за собирање на информации за потребите на младите по факултетите и средните училишта

Оваа активност е уште една форма преку која ќе добиеме информации за младите, нивните потреби и проблеми. Активностите ќе се одвиваат во периодот февруари – април 2010, а со цел да се обезбеди механизам за подобра комуникација со младите. Индикатор за успех за оваа активност ќе бидат поставените 15 сандачиња во основните, средните училишта и факултетите. Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Озен Демиров, Даниел Јовевски и Зоран Саздовски.

4. РЕДОВНИ СОСТАНОЦИ СО КОМИСИИ И ТЕЛА ВО РАМКИ НА ОПШТИНА ШТИП, ГРАДОНАЧАЛНИК, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ И КООРДИНАТОРИ НА СОВЕТНИЧКИ ГРУПИ

Преку оваа активност ќе се воспостави соработка со институциите на локалната самоуправа а се со цел доближување на проблемите на младите до институциите на локалната самоуправа и нивно вклучување и давање на придонес кон решавањето на проблемите на младите.

Индикатори за успешност на оваа активност се:

- Реализирани 20 состаноци со градоначалник на Општина Штип
- Реализирани 20 состаноци со комисиите при локалната самоуправа
- Реализирани 10 состаноци со претседател на совет
- Реализирани 5 состаноци со координатори на советнички групи.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат сите членови на Советот на млади.

5. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРОСТОРИЈА ВО ЗГРАДАТА НА ОПШТИНА ШТИП

Оваа активност ќе се одвива во периодот јануари – февруари 2010. Цел на оваа активност е да се воспостави подобар контакт со младите, да се обезбедат услови за реализација на годишната програма и подобро функционирање на Советот на млади. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:

- Отворена и опремена канцеларија на СМ;

- Број на посети ;
- Одржани работни средби на СМ.

Одговорно лице за оваа активност ќе биде претседателот на Совет на млади. За оваа активност се потребни финансиски средства за адаптација, опремување и тековно работење (60.000 денари).

## 6. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТСКА ЛИГА

Во периодот јануари – април 2010 година ќе биде обезбедена поддршка од Ректоратот и започнати подготвителни активности за реализирање на универзитетската лига во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ за колективните спортови (кошарка, мал фудбал и пинг-понг). Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:

- Број на одржани состаноци со ректорската управа и
- Број на состаноци со Студентски парламент.

Одговорни за оваа активност ќе бидат Михаил Горгиев и Зоран Саздовски.

## 7. УЧИЛИШНА СПОРТСКА ЛИГА
(основни и средни училишта во колективни спортови)

Оваа активност ќе се одвива во периодот март - декември 2010. Во овој период ќе бидат реализирани состаноци со директорите на средните и основните училишта, ќе се формира лигата и ќе се вклучат сите професори по физичко образование. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат

- Број на одржани состаноци
- Број на екипи
- формиран тим на судии кој го сочинуваат наставниците по физичко образование.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Зоран Саздов, Бобан Спиров и Даниел Јовевски. Потребни финансиски средства се 40.000 денари за реквизити, награди, храна, освежување и друго.

## 8. ИНИЦИЈАТИВА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И НИВНО РЕКОНСТРУИРАЊЕ

Активноста ќе се одвива во текот на целата година. Ќе биде определен тим за проценка од одделението за урбанизам (ЛЕР) и да биде отпочината процедура за реконструкција. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:

- направена проценка на минута 10 постоечки спортски терени и

- изготвена документација за реконструкција. Одговорно лице за оваа активност ќе биде Зоран Саздовски.

9. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗГРАДБА НА ОТВОРЕНИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА

Оваа активност ќе се одвива во периодот јануари - декември 2010. Ќе биде отпочната иницијатива за изработка на документација за изградба на спортски игралишта и ќе започнат подготвителните работи на терен. Индикатори за успешност ќе бидат:

- изработен проект за изградба
- донесена одлука на совет
- подготвен терен за изградба на едно спортско игралиште.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Бојан Кереместевски и Зоран Саздовски.

10. ОПРЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА СО ПИНГ-ПОНГ МАСИ

Во периодот март - април 2010, со цел омасовување на спортот помеѓу младите ќе опремиме неколку средни и основни училишта со пинг – понг маси. Индикатор за успешност ќе биде:

- набавка на пинг-понг маси.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат: Бојан Кереместевски и Зоран Саздовски. За оваа активност се потребни 60.000 денари.

11. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТЕН WI-FI ПРИСТАП ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Оваа активност ќе се одвива во периодот јануари – декември 2010. Со оваа активност треба да се обезбеди бесплатен интернет пристап за младите во Штип (покриеност со wi-fi мрежа) на централно градско подрачје. Индикатори за успешност ќе бидат:

- склучен договор за бесплатен wi-fi помеѓу општина Штип и интернет провајдер,
- поставена wi-fi мрежа.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Бојан Кереместевски, Бобан Спиров и Михаил Горгиев.

12. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА НА МЛАДИ

Во текот на годината ќе биде започнат процес за изработка на локалната стратегија на млади и истата да биде усвоена од Советот на Општина Штип. Индикатори за успешност на оваа активност се:

- Број на вклучени членови на СМ во изработувањето
- Број на вклучени НВО
- Донесена одлука на Советот на Општината.

Одговорни лица за оваа активност се сите членови на советот на млади. Потребни се 62.000 денари за реализација на оваа активност.

## 13.ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА 8-МИ НОЕМВРИ

Оваа активност ќе се одвива во периодот септември – ноември 2010. Ќе организираме музички хепенинг со што ќе и обезбедиме можност за промоција на младите музички таленти. Индикатори за успешност се:

- број на млади бендови, учесници во програмата
- број на млади вокалисти
- учество на џез катедрата при УГД
- учество на ученици од СМУ “Сергеј Михајлов”
- број на посетители на настанот.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Бобан Спиров, Бојан Керeместевски, Озен Демиров и Даниел Јовевски. За организирање на овој хепенинг се потребни 20.000,00 мкд. (за флаери, озвучување, храна и освежување).

## 14.УЧЕСТВО НА ДЕЛЕГАЦИИ ПРИ ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ НАСТАНИ

Оваа активност континуирано ќе се одвива во текот на целата година. Со ова ќе се овозможи учество на Советот на Млади во одбележување на сите јавни настани а со тоа ќе се врши и промоција на работата на Советот на Млади. Индикатори за успех за оваа активност ќе се сметаат бројот на настани каде членови на Советот на Млади присуствувале. Одговорни лица за оваа акција ќе бидат Претседателот и заменикот претседател на Советот на млади. За оваа акција потребни се 3.000 ден за цветни аранжмани.

## 15.ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ МЛАДИ ЛИЦА

Со цел да и се помогне на децата од социјално загрозените семејства во периодот август - септември 2010 ќе обезбедиме училиштен прибор за дел од оваа целна група. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат 100 опфатени млади лица и поделени 100 пакети со училишен

прибор. Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Озен Демиров и Елена Георгијевска.

Потребни финансиски средства се 20.000 мкд (200 мкд по пакет).

## 16.ИНИЦИЈАТИВИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Оваа активност ќе се одвива во периодот јануари – декември 2010 година. Треба да се започне кампања за безбедност во сообраќајот и да се воспостави соработка на Советот на млади со СВР Штип. Индикатори за успех се:

- реализирани активности кои се дел од кампањата
- број на состаноци на Советот на Млади со СВР Штип.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Бобан Спиров и Зоран Саздовски.

## 17.ИНИЦИЈАТИВА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМ НА МЛАДИ

Во периодот февруари - април 2010 година ќе започне процес за изработка на проект за реконструкција и обезбедување на средства за реконструкција. За реализирање на оваа активност треба да се донесе одлука на Советот на Општина Штип. Одговорни лица од Советот на млади ќе бидат Бојан Кереместевски, Зоран Саздовски и Бобан Спиров. За реконструкција на Домот на млади се потребни 1.500.000,00 мкд.

## 18.ИНИЦИЈАТИВА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛЕТНО КИНО

Во текот на годината (март-април) ќе се започне процес за изработка на проект за реконструкција и обезбедување на средства за реконструкција. За оваа активност треба да се донесена одлука на Советот на Општина Штип. Одговорни лица од Советот на млади ќе бидат Бојан Кереместевски, Зоран Саздовски и Бобан Спиров. За реконструкција на летното кино се потребни 1.500.000,00 мкд.

## 19.ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГОДИШНИНА НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ

Организацијата за одбележување на годишнината ќе започне во август 2010 година, а манифестацијата ќе се одржи на 5 октомври. На манифестацијата ќе бидат промовирани резултати од едногодишната работа на Советот на млади, ќе добиеме зголемен кредибилитет помеѓу младите, ќе бидат пренесени позитивни пораки до младите, ќе се зголеми присутноста на членови на Советот на Млади на медиумите. Индикатори за успех на оваа активност ќе бидат:

- организирана забава и
- број на гостувања во медиуми.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Бојан Керeместевски, Елена Георгијевска и Михаил Горгиев. За реализирање на оваа манифестација се потребни 40.000 денари.

508.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА
ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА
ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2010 година

.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4299/2 Општина Штип
25 декември 2009 година Градоначалник

Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

509.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05, 24/08 и 91/09) и член 5 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичката обработка на плановите и за начинот и постапката за донесувањето на просторните и урбанистички планови („Службен весник на РМ“ број 78/06), како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 23 декември 2009 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за изработка на урбанистички планови на територијата На Општина Штип за 2010 година

**Програмски задачи финансирани од средства од буџетот на Општина Штип**

1. Измена и дополнување на ДУП за дел од населба „Сењак 3“ урбанистичка единица 35, опфат и помеѓу улиците „Борис Крајгер“, „Панче Караѓозов“, „Сремски фронт“ и новопроектираната улица по долот.

   М=1 1000
   П=12,00ха

2. Изработка на ДУП за станбена населба „Македонка“, урбана единица 69 и дел од урбана единица 51, на потегот помеѓу патот Штип-Кочани, река Брегалница и северо-западната граница на парцелата на АРМ.

   М=1 1000
   П=18,00ха

3. Изработка на измени и дополнување на ДУП за населба Ново село дел од урбана единица 89 и 90 со опфат на улиците „Кежовица“, „Крсте Мисирков“, „Димитар Влахов“, „Милојкова“ и „Никола Карев“.

   М=1 1000
   П=15,00ха

4. Изработка на измена и дополнување на ДУП за спортско рекреативен центар Кежовица.

   М=1 1000
   П=15,00ха

5. Изработка на измени и дополнување на ДУП за село Три Чешми

   М=1 1000
   П=20,00ха

6. Изработка на измени и дополнување на ДУП за населба Исар

   М=1 1000
   П=10.00ха

7. Изработка на измени и дополнување на ДУП за населба Радански пат

   М=1 1000
   П=20,00ха

8. Изработка на ДУП за с. Караорман

   М=1 1000
   П=25,00ха

9. Изработка на ДУП за населба Јужен реон
М=1 1000
П= 20,00ха
10.Изработка на ДУП (Измена и дополнување) за населба „Сењак 1“
М=1 1000
П=10,00ха
11. Ревизија на ДУП за СРЦ ,,Брегалница“
М=1 1000
П=5,00ха
12.Изработка на ДУП за СРЦ ,,Суитлак“
М=1 1000
П=10.00ха

13.Изработка на ГУП за град Штип
М=1 5000
П=2042,00ха
14.Изработка на Урбанистички план за Агро берза
М=1 1000
П=10.00ха
15. Изработка на ДУП за ,,Света Недела“ со намена за социјални станови
М=1 1000
П=5,00ха
16.Изработка на Програма за времени објекти на територијата на Општина Штип.

17.Изработка на ДУП за населба „Баби 6“.

**Урбанистички планови кој ќе се финансираат од страна на заинтересирани страни инвеститори**

18. Изработка на локална урбанистичка планска документација– континуирано
19.Ревизија на ДУП дел од центар ,,Триаголник“
М=1 1000
П=2,00ха
20.Изработка на Урбанистички план вон населено место „Лакавица“
М=1 1000
П=2,00ха
21.Изработка на Урбанистички план вон населено место „Чардаклија“
М=1 1000
П=2,00ха

22.Изработка на ДУП Индустриски дел ,,Астибо“
M=11000
П=2.00ха
23.Изработка на ДУП за населба ,,Сеѓак“–Канал 77
M=1 1000
П=2,00ха
24.Изработка на ДУП за дел од населба „Дузлак“
M=1 1000
П=5.0ха
25.Изработка на ДУП за населба „Три Чешми“-Работна зона

**Финансов дел**

Со програмата е предвидено изработка на урбанистички планови со вкупна површина од 215,00 ха, за што се потребни финансиски средства во износ до 7.525.000,00 денари. Од потребните средства 5.000.000,00 денари се предвидени од буџетот на Општина Штип, а останатите ќе се обезбедат од Органот на државната управа надлежен за уредување на просторот, ребаланс на буџетот на Општина Штип и други заинтересирани донатори. Доколку потребните средства не се обезбедат, дел до програмата нема да се реализира во 2010 година.

Број 0701-4299/1
23 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

510.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за јавно осветлување за 2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4300/2
25 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

511.

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2010 ГОДИНА

Согласно член 3 точка 12 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ број45/97, 45/02 и 16/04), одржувањето на јавното осветлување е јавна комунална дејност што во надлежност на општините.

Под одржување на јавното осветлување се подразбира одржување на уличното осветлување во исправна состојба.

Финансирањето на оваа дејност се врши со средства собрани врз основа на комуналната такса за јавно осветлување која се наплатува на сметката за потрошена електрична енергија според типот на потрошувачите по цена за секое броило за мерење на електричната енергија и тоа:

1. домаќинства........................................................по 25 кВ/ч
2. објекти на трговски друштва и занаетчии.............по 50 кВ/ч
3. 10 кВ потрошувачи.................................................по 100 кВ/ч
4. 35 кВ потрошувачи.................................................по 150 кВ/ч
5. 110 кВ потрошувачи...............................................по 300 кВ/ч

Висината на комуналната такса за јавно осветлување е определена со Законот за комунални такси („Службен весник на РМ“ број 61/04 и 92/07) и согласно тарифен број 10 од Законот, наплатата на таксата за користење и одржување на јавно осветлување од имателите на броило ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општините на чие подрачје е извршена наплатата.

За одржување на јавното осветлување во 2010 година, во буџетот на Општина Штип е потребно да се предвидат средства во висина од **24.000.000,00 денари**, но реализацијата на истите секако ќе зависи од процентот на наплатата на електричната енергија од потрошувачите.

Во 2010 година се планира, средствата собрани од комуналната такса за јавно осветлување да се искористат за следните намени:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | потрошена електрична енергија | 14.000.000 |
| 2. | репроматеријал | 1.500.000 |
| 3. | монтажа на репроматеријалите | 2.800.000 |
| 4. | монтажа, демонтажа и поправка на новогодишни украси | 300.000 |
| 5. | преместување на дел од електричните броила надвор од трафостаниците | 600.000 |
| 6. | инвестиции | 4.800.000 |
| | Вкупно: | 24.000.000 |

И во 2010 година како програмска задача се предвидува преместување на дел од електричните броила надвор од трафостаниците заради непречен пристап до т.н. тајмери кои го контролираат вклучувањето и исклучувањето на јавното осветлување. Иако оваа активност беше предвидена и во претходните три години (2007, 2008 и 2009) година, поради неспремност на ЕСМ-ЕВН Штип за утврдување на условите под кои треба да се изврши оваа активност. Доколку во текот на 2010 година овие услови бидат дефинирани, активноста ќе биде извршена.

При одржувањето на јавното осветлување во исправна состојба прв приоритет се дава на улиците околу градската болница, основните и средните училишта и детските градинки, како и на раскрсниците на главните улици и мостовите на реките Брегалница и Отиња.

Одржувањето на јавното осветлување во останатиот дел на градот ќе се врши по реони и секако по пријави што граѓаните можат да ги извршат секој работен ден на телефон 032/22 66 35. Овде треба да напоменеме дека редовното одржување на јавното осветлување и во 2010 година ќе се извршува во селските населби каде постои јавно осветлување.

Покрај редовното одржување на јавното осветлување во исправна состојба, во 2010 година предлагаме да се продолжи со поставување на нови линии во деловите од градот и населените места каде истите се дотраени или ги нема.

Во врска со претходно кажаното, предлагаме во 2010 година да се продолжи со осветлување на локации каде има изградено скали кои поврзуваат две улици, односно два реона, а кои досега никогаш не биле осветлени, односно ниту било предвидено да има осветлување на истите. Ова го предлагаме од причини што се многу чести барањата на граѓаните за осветлување на ваквите скали и премини. Ваков проблем има на повеќе локации во градот и тоа:

1. **на улица „Сутјека“ 48/5 кон улица Широк дол број 40 (должина 100м и поставување на 3 канделабри комплет) спроти градскиот пазар,**
2. **од улица „Боро Арсов“ кон училиштето Тошо Арсов (должина 150м, поставување на 4 канделабри комплет),**
3. **од улица „Боро Милевски“ број 1 кон улица „Рудо“ број 20 (должина 60м, поставување на 3 канделабри комплет).**

Да напоменеме дека вредноста за овие инвестиции ќе се знае после изготвувањето на проекти и предлог пресметки за што Советот ќе биде дополнително информиран.

Дел од средствата собрани по основ на комуналната такса за јавно осветлување се планира да се инвестираат за осветлување на локации по барања на граѓаните.

Во 2010 година се планира да се продолжи со реконструкција на јавното осветлување со замена на постоечките светлечки тела со нови кои трошат помалку енергија и емитираат помалку штетни гасови, за што е во тек постапка за обезбедување средства.

Број 0701-4300/1 | Совет на Општина Штип
23 декември 2009 година | Претседател
Штип | Сузана Николовска, с. р.

512.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КОМУНАЛНАТА ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПЕРИОД ОД ЈАНУАРИ ДО ОКТОМВРИ 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за работењето на комуналната инспекција за период од јануари до октомври 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4301/2 | Општина Штип
25 декември 2009 година | Градоначалник
Штип | д-р Зоран Алексов, с. р.

513.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 23 декември 2009 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КОМУНАЛНАТА ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПЕРИОД ОД ЈАНУАРИ ДО ОКТОМВРИ 2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на комуналната инспекција за период од јануари до октомври 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4301/1
23 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

514.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА ОЈУДГ „АСТИБО“-ШТИП ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај од работата на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за учебната 2008/2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4302/2
25 декември 2009 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

515.

Врз основа на член 98 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08 и 108/08) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 23 декември 2009 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ОД РАБОТАТА НА ОЈУДГ „АСТИБО“-ШТИП
ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишниот извештај од работата на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за учебната 2008/2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4302/1
23 декември 2009 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

516.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на

Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА
ОЈУДГ „АСТИБО“-ШТИП ЗА УЧЕБНАТА
2009/2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Годишна програма за воспитно-образовната работа на ОЈУДГ „Астибо“ - Штип за учебната 2009/2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4303/2
25 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

517.

Врз основа на член 98 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08 и 108/08) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 23 декември 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА
ОЈУДГ „АСТИБО“-ШТИП ЗА УЧЕБНАТА
2009/2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишната програма за воспитно-образовната работа на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за учебната 2009/2010 година со следниот **заклучок**:

- Комисијата за социјални работи и здравство на Советот на Општина Штип ја поддржува ОЈУДГ „Астибо“-Штип во напорите за вработување на неопходно потребните стручни лица: дефектолог, лекар од примарната здравствена заштита и логопед.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4303/1
23 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

518.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈУДОДГ „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА“-ШТИП ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип за учебната 2008/2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4304/2
25 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

519.

Врз основа на член 98 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08 и 108/08) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 23 декември 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТА НА ЈУДОДГ „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА“-ШТИП
ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишниот извештај за работа на ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип за учебната 2008/2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4304/1 | Совет на Општина Штип
23 декември 2009 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска, с. р.

520.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА
РАБОТА НА ЈУДОДГ „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА“-ШТИП
ЗА УЧЕБНАТА 2009/2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Годишна програма за работа на ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип за учебната 2009/2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4305/2 Општина Штип
25 декември 2009 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

521.

Врз основа на член 98 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08 и 108/08) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 23 декември 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА
РАБОТА НА ЈУДОДГ „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА“-ШТИП
ЗА УЧЕБНАТА 2009/2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишната програма за работа на ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип за учебната 2009/2010 година со следниот **заклучок**:

- Комисијата за социјални работи и здравство на Советот на Општина Штип ја поддржува ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип во напорите за вработување на неопходно потребните стручни лица: дефектолог, лекар од примарната здравствена заштита и логопед.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4305/1
23 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

522.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА
## РАБОТЕЊЕТО НА СООБРАЌАЈНАТА ИНСПЕКЦИЈА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информација за работењето на сообраќајната инспекција.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4306/2
25 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

523.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 23 декември 2009 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА
## РАБОТЕЊЕТО НА СООБРАЌАЈНАТА ИНСПЕКЦИЈА

I

Се усвојува Информацијата за работењето на сообраќајната инспекција.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4306/1
23 декември 2009 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 483. | Решение за објавување на Буџет на Општина Штип за 2010 година | 816/17 |
| 484. | Буџет на Општина Штип за 2010 година | 816/17 |
| 485. | Решение за објавување на Одлука за извршување на буџетот на Општина Штип за 2010 година | 859/17 |
| 486. | Одлука за извршување на буџетот на Општина Штип за 2010 година | 859/17 |
| 487. | Решение за објавување на Буџетски календар на Општина Штип за 2010 година | 864/17 |
| 488. | Буџетски календар на Општина Штип за 2010 година | 865/17 |
| 489. | Решение за објавување на Одлука за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Пребег“ дел од УЕ 57 - Општина Штип | 866/17 |
| 490. | Одлука за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Пребег“ дел од УЕ 57 - Општина Штип | 867/17 |
| 491. | Решение за објавување на Решение за именување претставници во Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности „Исар“-Штип | 868/17 |
| 492. | Решение за именување претставници во Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности „Исар“-Штип | 868/17 |
| 493. | Решение за објавување на Решение за именување претседател и членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности „Исар“-Штип | 869/17 |
| 494. | Решение за именување претседател и членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности „Исар“-Штип | 870/17 |
| 495. | Решение за објавување на Решение за именување претставници во Управниот одбор на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште „Штип-проект“-Штип | 871/17 |

| | | |
|---|---|---|
| 496. | Решение за именување претставници во Управниот одбор на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште „Штип-проект“-Штип | 871/17 |
| 497. | Решение за објавување на Решение за именување претседател и членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште „Штип-проект“-Штип | 872/17 |
| 498. | Решение за именување претседател и членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште „Штип-проект“-Штип | 873/17 |
| 499. | Решение за објавување на Решение за предлагање член во Управниот одбор – претставник од Советот на општината на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Штип | 874/17 |
| 500. | Решение за предлагање член во Управниот одбор – прет-ставник од Советот на општината на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Штип | 875/17 |
| 501. | Решение за објавување на Програма за работа на Советот на Општина Штип за 2010 година | 875/17 |
| 502. | Програма за работа на Советот на Општина Штип за 2010 година | 876/17 |
| 503. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Програма за работа на Дом на млади во Штип за 2010 година | 886/17 |
| 504. | Заклучок за донесување на Програма за работа на Дом на млади во Штип за 2010 година | 887/17 |
| 505. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Програма за работа на Совет на млади на Општина Штип за 2010 година | 888/17 |
| 506. | Заклучок за донесување на Програма за работа на Совет на млади на Општина Штип за 2010 година | 888/17 |
| 507. | Годишна програма за работа на Советот на млади на Општина Штип за 2010 година | 889/17 |
| 508. | Решение за објавување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2010 година | 897/17 |
| 509. | Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2010 година | 897/17 |

| | | |
|---|---|---|
| 510. | Решение за објавување на Програма за јавно осветлување за 2010 година | 900/17 |
| 511. | Програма за јавно осветлување за 2010 година | 901/17 |
| 512. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на комуналната инспекција за период од јануари до октомври 2009 година | 903/17 |
| 513. | Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на комуналната инспекција за период од јануари до октомври 2009 година | 904/17 |
| 514. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај од работата на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за учебната 2008/2009 година | 904/17 |
| 515. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај од работата на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за учебната 2008/2009 година | 905/17 |
| 516. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Годишна програма за воспитно-образовната работа на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за учебната 2009/2010 година | 905/17 |
| 517. | Заклучок за донесување на Годишна програма за воспитно-образовната работа на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за учебната 2009/2010 година | 906/17 |
| 518. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип за учебната 2008/2009 година | 907/17 |
| 519. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип за учебната 2008/2009 година | 908/17 |
| 520. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип за учебната 2009/2010 година | 908/17 |
| 521. | Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип за учебната 2009/2010 година | 909/17 |
| 522. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за работењето на сообраќајната инспекција | 910/17 |
| 523. | Заклучок за усвојување на Информација за работењето на сообраќајната инспекција | 910/17 |